Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Програма од надлежност В -предучилишно воспитување за 2024 година и Програма (В1) – предучилишно воспитување – капитални трошоци за 2024 година**

1. Со ова Решение се објавува Програма од надлежност В -предучилишно воспитување за 2024 година и Програма (В1) – предучилишно воспитување – капитални трошоци за 2024 година, донесена на Триесет и третата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 27 декември 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-308/13
12.01.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 8 и точка 13 и член 62 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02), член 34, став 1, точка 8 и точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода (Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/20), Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и третата пленарна седница одржана на 27 декември 2023 година, донесе

**Програма од надлежност В -предучилишно воспитување за 2024 година и Програма (В1) – предучилишно воспитување – капитални трошоци за 2024 година**

1. Вовед

Со оваа програма се уредува:

- Извори на финансирање на програмата
- Пресметување на трошоците
- Динамика на извршување на Програмата
- Преодни и завршни одредби

2. Извори и финансирање на Програмата за предучилишно воспитување ( В1)
   - Општината обезбедува средства од Буџетот на Општина Кисела Вода за 2024 година.

3. Трошоци за реализација на Програмата

Расходи за реализација според намената и поединечни видови на елементи :

**ПРОГРАМА ( В1) ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТУВАЊЕ ЗА 2024 ГОДИНА**

| | |
|---|---|
| **4.** | **ПАРТИЦИПАЦИЈА ЗА ТРОШОЦИТЕ ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ, ВОСПИТАНИЕ, ОДМОР И РЕКРЕАЦИЈА НА ДЕЦАТА ВО ЈАВНИТЕ УСТАНОВИ ЗА ДЕЦА “** |
| **Опис на активности:** | Партиципацијата е ослободување во цената што паѓа на товар на родителот во трошоците за згрижување,воспитание,одмор и рекреација на децата во Јавните установи за деца. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Остварување на правото на партиципација како право за заштита на децата кај кои материјалната состојба на семејствата е нарушена поради претрпена природна непогода ( пожар, поплава, земјотрес идруго).<br>Висината на партиципацијата се утврдува во зависност од настанатата состојба според „Правилникот за поблиските услови, критериумите и начинот на остварување на правото на партиципација во трошоците за згрижување,воспитание,одмор и рекреација на децата во јавните установи за деца. |
| **Очекувани резултати:** | Финансиска помош и поддршка за родителите |
| **Целна група:** | Децата од двете Јавни детски градинки |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 80.000,00 денари |
| **Трошоци:** | 80.000,00 денари |

| | |
|---|---|
| **Време на реализација** | 2024 година |

| | |
|---|---|
| **5.** | **ФИНАНСИСКА ПОДРШКА ВО ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА ПРИВРЕМЕНО АНГАЖИРАЊЕ НА КАДАР** |
| **Опис на активности:** | Вклучување на привремено ангажирани вработени во реализација на воспитно згрижувачката дејност и активностите во градинките |
| **Стратешки насоки и цели:** | Отварање на нови детски градинки и проширување на капацитетите на постоечките и зголемениот броја на згрижени деца во градинките, постои објективна потреба за зголемување на бројот на вработени. |
| **Очекувани резултати:** | Подобрување на згрижувањето и воспитувањето на децата во детските градинки. |
| **Целна група:** | Административни службеници,даватели на услуги и помошно технички персонал во двете детски градинки |
| **Предвидена финансиска рамка:** | ЈДГ „ВеселиЦветови“- 29 (дваесет и девет) лица<br>15.488.785,00 денари<br>ЈДГ „8 Март“ – 24 (дваесет и четири) лица<br>14.031.000,00 денари |
| **Трошоци:** | 29.519.785,00 денари |
| **Време на реализација** | 2024 година |

| | |
|---|---|
| **6.** | **СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ЦЕЛОДНЕВНИОТ ПРЕСТОЈ НА ДЕЦА ОД СЕМЕЈСТВА ВО СОЦИЈАЛЕН РИЗИК ВО ЈАВНИТЕ ДЕТСКИ ГРАДИНКИ ВО ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА** |
| **Опис на активности:** | Субвенционирање на целодневиот престој на деца од семејства во социјален ризик |
| **Стратешки насоки и цели:** | Поддршка и заштита на децата.<br>Мерка за помош за родителите.<br>Остварување на детските права.<br>Создавање на услови за вклучување на сите деца.во градинка. |
| **Очекувани резултати:** | Ослободување од партиципација во двете детски градинки на децата од социјално загрозени семејства. |
| **Целна група:** | Сите деца кои посетуваат градинка а ,се од социјално загрозени семејства, деца од семејства, самохрани родители, деца без родителска грижа итн. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **400,000.00 денари** |
| **Трошоци:** | **400,000.00 денари** |
| **Време на реализација** | 2024 година |

| 4. | **НОВОГОДИШЕН БАЗАР СО НОВОГОДИШЕН ХЕПЕНИНГ ВО ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Со цел одбележувањето на Новогодишните и Божиќните празници децата, вработените и родителите во сите воспитни групи, сите објекти во двете јавни детски градинки ќе изработат Новогодишни украси и декорации.<br>Подарување на новогодишни пакетчиња на децата во двете јавни детски градинки.<br>Организација на настани, музички хепенинг, продажба на рачни изработки, во траење од 3 дена. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Традиционално украсување на домот и просториите во градинката.<br>Секое дете е среќно кога ќе добие новогодишно пакетче. |
| **Очекувани резултати:** | Новогодишна радост за сите деца |
| **Целна група:** | Вработените, децата од двете јавни детски градинки, оопштинска администрација, родителите, Градоначалник, локално население. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **90.000,00 денари** |
| **Трошоци:** | **90.000,00 денари** |
| **Време на реализација** | Ноември и Декември 2024 година |

| 5. | **„ДЕТСКИ ГЛАСНИК''** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Изработка на списание за децата од јавните детски градинки од територија на општина Кисела Вода.<br>Збирка од реализирани активности, настани, работилници во кои се вклучен децата од воспитните групи. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Запознавање со активностите во детските градинки во текот на целата година.<br>Креирање спомени.<br>Споделување искуства.<br>Реализирани проекти и активности. |
| **Очекувани резултати:** | Поголема видливост на активностите и проектите на децата во градинките и споделување со родителите. |
| **Целна група:** | Децата од двете јавни детски градинки, вработените во општинска администрација, родителите, вработените во детските градинки. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | Без финансиски средства |
| **Трошоци:** | / |
| **Време на реализација** | 2024 година |

| 6. | **„ПРЕКУ ИГРА ДО ГРАДИНКА“** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Цртање/боење на дворовите на градинките/парковите во Општина Кисела Вода со мрсна боја,по претходно исцртани идеи каде децата заедно со Градоначалникот, воспитниот кадар и родителите ќе имаат заедничка креативна активност. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Одбележување на меѓународниот ден на децата 01.06.2024 година.<br>Цртање/боење на дворовите на градинките во општина Кисела Вода со мрсна боја-по претходно исцртани идеи.<br>Активно учество на децата и придонес кон подобри услови за рекреација за време на престојот во детските градинки.<br>игри по асфалтните патеки низ дворовите на градинките и парковите. |
| **Очекувани резултати:** | Создавање повеќе катчиња за игра за децата |
| **Целна група:** | Градоначалник, општинска администрација, родители на деца на возраст 5-6 години, вработените, децата од градинка на возраст 5-6 години |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **6000,оо** денари |
| **Трошоци:** | Потребни се мрсни бои и четки – 6000,оо денари |
| **Време на реализација** | 01.06.2024 година до 30.06.2024 година 2024 година |

| 7. | **,,ВЕЛИГДЕН ЗА ПАМЕТЕЊЕ,,** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Со цел одбележувањето на празникот Велигден и обичаите поврзани со големиот христијански празник децата, вработените и родителите во сите воспитни групи , сите објекти во двете јавни детски градинки ќе изработат декорирани Велигденски јајца и Велигденски украси и аранжмани.<br>Во секој објект ќе се реализира Хуманитарен базар на кој ќе се продаваат изработките, а собраните средства ќе бидат наменети за хуманитарни цели. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Обичаите во прославувањето на Христијанскиот празник Велигден. |
| **Очекувани резултати:** | Запознавање на децата со традицијата и значењето на Велигденското јајце. |
| **Целна група:** | Вработените, родителите и децата во двете јавни детски градинки |
| **Предвидена финансиска рамка:** | Без финансиски трошоци |
| **Трошоци:** | Без финансиски трошоци |
| **Време на реализација** | Април- Мај 2024 година |

| 8. | **„НОВИ ДОЖИВУВАЊА ЗА ИДНИТЕ ПРВАЧИЊА“** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Подготовка за вклучување во основно образование- децата присуствуваат на еден час и следат настава, размена на искуства |

| | |
|---|---|
| | со децата кои се веќе прво одделение и се вклучени во воспитно-образовен процес. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Подготовка за вклучување во воспитно-образовен процес на идните првачиња .<br>Запознавање со училиштето и начинот на ораганизација на воспитно-образовниот процес.<br>Соработка помеѓи градинките и училиштита. |
| **Очекувани резултати:** | Дружење, осамостојување, и социјализација |
| **Целна група:** | Децата на возраст од 5-6 години и вработените во јавните детски градинки и децата кои завршуваат со градинка и ќе се запишат во првоодделение, децата од прво одделение во основните училишта. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | Без финансиски трошоци |
| **Трошоци:** | / |
| **Време на реазлизација** | Април-Јуни 2024 година |

| **9.** | **„ОПЛЕМЕНУВАЊЕ НА ДВОРОВИТЕ ВО ГРАДИНКИТЕ,,** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Оплеменување на дворовите во градинките со детски реквизити за подобра средина за раст и развој на децата., планирани катчиња за слободна игра на децата, поставување на современа опрема. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Уредување на дворни површини.<br>Подобрување на условите за престој на децата во градинките.<br>Зајакнување на физичките способности.<br>Физичката активност е од важно значење за раниот детски развој. |
| **Очекувани резултати:** | Уредени дворни површини во корист на децата каде ќе го развиваат својот психофизчки развој, социјализација, и развој на видови игри. |
| **Целна група:** | Проектот ќе биде реализиран од страна на општината и преку донации. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **180.000,00 денари** |
| **Трошоци:** | **180.000,00 денари** |
| **Време на реазлизација** | 2024 година |

| **10.** | **„КНИГА НА СРЕЌАТА-РАДОСНИЦА“** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Да бидиме среќни на она што го имаме, среќното дете е благодарно дете.Главно чувство на среќата е радоста, а радоста е најголема кога ја споделуваме со другите.<br>Среќните и важни моменти ги носиме во градинка. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Сите среќни моменти на едно место. |

| | |
|---|---|
| | Симболи на среќата.<br>Мојот среќен ден.<br>Поттикнување на чувство на припадност.<br>Негување на традиција и семејни вредности.<br>Искажување емоции и размена на искуства. |
| **Очекувани резултати:** | Учење, искажување емоции, дружење. |
| **Целна група:** | Вработените во двете градинки, родителите и децата од воспитни групи од 4-5 и 5-6. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | Без финансиски трошоци |
| **Трошоци:** | / |
| **Време на реализација** | 2024 година |

| | |
|---|---|
| **11.** | **„ОД ХАРТИЈА ДО ФИГУРА“** |
| **Опис на активности:** | Центар за младински активизам КРИК, вработените во двете градинки, децата од воспитни групи 4-5 и 5-6 години. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Стекнување на креативни вештини.<br>Рециклирање.<br>Креирање од хартија.<br>Учење за чување и негување на природата и грижа.<br>да ја зачуваме животната средина. |
| **Очекувани резултати:** | Развивање на фина и груба моторика, унапредување на когнитивниот, моторниот и психофизичкиот развој |
| **Целна група:** | Центар за младински активизам КРИК, вработените во двете градинки, децата од воспитни групи 4-5 и 5-6 години,<br><br>1.Учество во креативни работилници.<br>.2.Искористување на хартијата за креативни цели. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | Без финансиски трошоци |
| **Трошоци:** | / |
| **Време на реализација** | Септември и Октомври 2024 година |

| | |
|---|---|
| **12.** | **„НАГРАДИ ЗА НАЈДОБРИТЕ И НАЈУСПЕШНИТЕ„** |
| **Опис на активности:** | Најдобрите вработени во двете јавни детски градинки административни службеници, даватели на јавни услуги и помошно-технички персонал ќе бидат наградени за постигнатиот успех во работата. |

| | |
|---|---|
| | Пристигнатите предлози ќе бидат разгледани од страна на Комисија формирана со решение од Градоначалникот за таа намена.<br>Изготвување правилник за награди, критериуми и услови кои треба да ги исполнуваат пријавените вработени. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Квалитетна воспитно-образовна дејност на воспитувачите и негователите во јавните детски градинки.<br>Мотивација на сите учесници во згрижувањето, негата, и воспитувањето на децата од предучилишна возраст, стимулирање за ефикасна работа кај сите вработени.<br>Поголема креативност и желба за вклучување во различни видови проекти и дополнителни активности. |
| **Очекувани резултати:** | Поголема ефикасност, ефективност, квалитет, посветеност во работата и придонес во реализација на програмата за работа со деца, исполнување на работните задачи и цели. |
| **Целна група:** | Вработените во двете јавни детски градинки: административни службеници, даватели на јавни услуги и помошно-технички персонал |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **300.000,00 денари** |
| **Трошоци:** | **300.000,00 денари** |
| **Време на реазлизација** | 2024 година |

**Заклучоци: При реализција на Програмата ќе се води родова статистика со цел во иднина да допринесеме за подобро родово одговорно буџетирање во оваа област. Индикатори со кое ќе се следи реализацијата на Програмата од родов аспект ќе биде бројот на корисници и пол кои се финансираат од оваа Програма.**

**БУЏЕТ ЗА ПРОГРАМА ОД НАДЛЕЖНОСТ В - ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТУВАЊЕ ЗА 2024 ГОДИНА**
**БУЏЕТ И ПРОГРАМА ОД НАДЛЕЖНОСТ ВА - ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТУВАЊЕ ЗА 2024 ГОДИНА**

| Име на проектот | Извори и финансирање |
|---|---|
| **1.„ПАРТИЦИПАЦИЈА ЗА ТРОШОЦИТЕ ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ, ОДМОР И РЕКРЕАЦИЈА НА ДЕЦАТА ВО ЈАВНИТЕ УСТАНОВИ ЗА ДЕЦА“** | 80.000,00 денари |

| | |
|---|---|
| **2.„ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА ПРИВРЕМЕНО АНГАЖИРАЊЕ НА КАДАР”** | 29.519.785,00 денари |
| **3.„СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ЦЕЛОДНЕВНИОТ ПРЕСТОЈ НА ДЕЦА ОД СЕМЕЈСТВА ВО СОЦИЈАЛЕН РИЗИК ВО ЈАВНИТЕ ДЕТСКИ ГРАДИНКИ ВО ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА„** | 400,000.00 денари |
| **4.„НОВОГОДИШЕН БАЗАР ВО ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА”** | 90.000,00 денари |
| **5.„ДЕТСКИ ГЛАСНИК”** | Без финансиски средства |
| **6.„ПРЕКУ ИГРА ДО ГРАДИНКА “** | 6.000,00 денари |
| **7.„ВЕЛИГДЕН ЗА ПАМЕТЕЊЕ “** | Без финансиски средства |
| **8.„НОВИ ДОЖИВУВАЊА ЗА ИДНИТЕ ПРВАЧИЊА”** | Без финансиски средства |
| **9.„ОПЛЕМЕНУВАЊЕ НА ДВОРОВИТЕ НА ГРАДИНКИТЕ “** | 180.000,00 денари |
| **10.„КНИГА НА СРЕЌАТА-РАДОСНИЦА“** | Без финансиски средства |
| **11.„ ИМЕ НА ПРОЕКТОТ: „ОД ХАРТИЈА ДО УМЕТНИЧКО ДЕЛО“** | Без финансиски средства |
| **12.„НАГРАДИ ЗА НАЈДОБРИТЕ И НАЈУСПЕШНИТЕ “** | 300.000,00 денари |
| **ВКУПНО** | 30.575.789,00 денари |

**Вкупно Програма од надлежност В – Предучилишно воспитување……... 30.575.789,00 денари**
**Вкупно Програма од надлежност В ( ВА ) – Предучилишно воспитување……... 30.575.789,00 денари**

**ПРОГРАМА (ВА) ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТУВАЊЕ – КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ ЗА 2024 ГОДИНА**

- **ВОВЕД**

  Со оваа програма се уредува:
- Извори на финансирање на програмата
- Динамика на извршување на Програмата
- Преодни и завршни одредби
- Извори и финансирање на Програмата
- Трошоци за реализација на Програмата
- Расходи за реализација според намената и поединечни видови на елементи

Доградба на детска градинка 8 ми Март во населба Расадник КП бр.2939 КО Кисела Вода, Општина Кисела Вода ( согласно Одлука за распределба на средства обезбедени во Потпрограма ЗА – Изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита, ставка 488 – капитални дотации до ЕЛС во буџетот на Министерство за труд и социјална политика за 2023 година)..........................................................60.000.000,00 денари

| Ред.бр. | Име на проектот | Предвидени средства |
|---|---|---|
| 1. | Доградба на детска градинка 8 ми Март во населба Расадник КП бр.2939 КО Кисела Вода, Општина Кисела Вода ( согласно Одлука за распределба на средства обезбедени во Потпрограма ЗА – Изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита, ставка 488 – капитални дотации до ЕЛС во буџетот на Министерство за труд и социјална политика за 2023 година ) | 60.000.000,00 денари |
| | ВКУПНО | 60.000.000,00 денари |

**ВКУПНО ПРЕДЛОГ – Буџет за Програма В и ВА................ 90.575.789,00 денари**

**ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Динамиката на извршување на Програмата ќе зависи од создадените технички услови, како и приливот на средства во буџетот на Општина Кисела Вода.

**ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ**

Реализацијата на Програмата за предучилишно воспитување аврши Градоначалникот на Општината Кисела Вода преку Секторот за образование, предучилишно воспитување, спорт и култура.

Оваа програма влегува во сила со денот на донесување, ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“, а ќе се применува од 01.01.2024 година.

Број 09-11002/15 ПРЕТСЕДАТЕЛ
27 декември 2023 година на Советот на Општина Кисела Вода
Скопје Иван Живковски с.р.